# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА

## СОДРЖИНА

1.Вовед
1.1. Основни податоци за Општината
1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот

2. Годишна сметка
2.1. Приходи на Општината
2.2. Расходи на Општината

3.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

4. Извештај за користење на финансиските средства од постојана и тековна резерва

5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка

## 1.Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општината

Според податоците од последниот попис во Општина Валандово живеат 11.890 жители, од кои претежно македонци а живеат и турци, срби и роми.

Општината се простира на површина од 331 км2 и опфаќа 16 населени места.

Од буџетот на општината со втората фаза на децентрализација со средствата од блок дотациите се финансира работа на пет буџетски корисници и тоа:

1. ООУ ,,Јосип броз Тито,, Валандово,
2. ООУ,, Страшо Пинџур,,с. Јосифово,
3. СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово,
4. ЈОУ ,,Детска градинка ;;Калинка,,Валандово и
5. ЈОУ Дом на култура ,,25-ти Мај,, Валандово.

### 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот

Буџетот на Општина Валандово за 2018 година е донесен на седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 27.12.2017 година. На истата седница е донесена и Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2018 година.

Во текот на 2018 година не е вршена Измена и дополнување на Буџетот на Општина Валандово за 2018 година.

Советот на Општина Валандово има донесено 4 (четири) Одлуки за проширување на средствата во буџетот на општина Валаландово и тоа на сметката на донации и една на сметка дотации, на седниците одржани на ден 17.07.2018 година, 24.09.2018 година, 24.09.2018 година, 26.10.2018 година и 30.11.2018 година и 3 (три) Одлуки за измена на распоредот на средствата во Буџетот за 2018 година и тоа на седниците одржани на ден 24.09.2018 година, 26.10.2018 година и 30.11.2018 година. Промените се извршени во Буџет на дотации, самофинансирачки активности и во основниот Буџет.

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

*Буџетот на Општина Валандово за 2018 година се состои од :*

- *Основен буџет*
- *Дотации*
- *Приходи од самофинансирачки активности и*
- *Донации*

**Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи:**

| Сметки | Планирано | Реализирани | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 124.000.000 | 66.974.585 | 54,01 |
| Дотации | 104.586.000 | 102.199.232 | 97,72 |
| Самофинансирачки активности | 7.610.000 | 4.784.526 | 62,87 |
| Донации | 45.270.000 | 25.292.847 | 55,87 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **281.466.000** | **199.251.190** | **70,79** |

**а) Табеларен преглед на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово**

| Сметки | Реализирани приходи | % |
|---|---|---|
| Основен буџет | 66.974.585 | 33,60 |
| Дотации | 102.199.232 | 51,30 |
| Самофинансирачки активности | 4.784.526 | 2,40 |
| Донации | 25.292.847 | 12,70 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **199.251.190** | **100** |

**а) Графички приказ на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово**



***На сметката на Основниот Буџет на Општина Валандово планирани се и реализирани следниве приходи***

| ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **37.146.000** | **19.922.866** | **53,63** |
| 711 Данок од доход и од добивка | 1.560.000 | 1.652.608 | 105,94 |
| 713 Даноци на имот | 8.236.000 | 7.109.615 | 86,32 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 25.720.000 | 11.160.163 | 43,39 |
| 718 Такси за користење и дозволи за вршење на дејност | 1.630.000 | 480 | 0,03 |
| **72 Неданочни приходи** | **11.110.000** | **7.843.188** | **70,59** |
| 722 Глоби, судски и адми. такси | 310.000 | 275.520 | 88,88 |
| Административни такси и надоместици | 300.000 | 274.305 | 91,44 |
| 725 Други неданочни приходи | 10.500.000 | 7.293.363 | 69,46 |
| | | | |
| **73 Капитални приходи** | **33.224.000** | **6.937.542** | **20,88** |
| 731Продажба на капитални средства | 19.000.000 | 0 | 0 |
| 733 Продажба на зем и нем. вложувања | 14.224.000 | 6.937.542 | 48,77 |
| **74 Трансфери и донации** | **42.520.000** | **32.270.989** | **75,90** |
| 741 Трансфери од други нивоа на влада | 42.520.000 | 32.270.989 | 75,90 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **124.000.000** | **66.974.458** | **54,01** |

*Од приложеното произлегува дека постојат поголеми отстапувања на реализираните во однос на планираните приходи, кај даночните приходи во ставка 717 и 718 и капиталните приходи.*

*Даночните приходи не се остварени во ставка 717 каде е планиран приход од надоместок за уредување на градежното земјиште. Овој приход не е извршен од причина што планираната продажба на градежното неизградено земјиште не е остварена во планираниот износ, а во буџетот за 2018 година е планиран приход од комуналии по основ издавање градежни дозволи на продадените градежни парцели. На ставка 718 каде е планиран надоместок за одржување на јавна чистота, овој надоместок го наплатува Јавно комунално претпријатие ЈП Комунален сервис Валандово кој произлегува од Закон за јавна чистота.*

*Капиталните приходи не се остварени во планираниот износ од причина што планираната продажба на собраниската зграда не е извршена а во вкупно планираниот буџет учествуваат со 15,32 % како и планираната продажба на градежно неизградено земјиште кое во вкупен буџет изнесува 6% а реализиран е со процент од 11,88% од планираниот приход.*

## *2.2. Расходи на Општината*

*Расходната страна на Буџетот на Општина Валандово, планирана е во согласност со законските прописи, програмското планирање како и потребите на Општината.*

*Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи по сметки*

| **Сметки** | **Планирано** | **Реализирани** | **%** |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 124.000.000 | 66.974.585 | 54,00 |
| Дотации | 104.586.000 | 100.395.182 | 96,00 |
| Самофинансирачки активности | 7.610.000 | 4.321.087 | 56,60 |
| Донации | 45.270.000 | 24.458.989 | 54,00 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **281.466.000** | **196.149.843** | **69,69** |

### *а) Табеларен преглед на учество на извршени расходи по сметки во вкупните расходи во Буџетот на Општина Валандово*

| **Сметки** | **Реализирани расходи** | **%** |
|---|---|---|
| Основен буџет | 66.974.585 | 34,10 |
| Дотации | 100.395.182 | 51,20 |
| Самофинансирачки активности | 4.321.087 | 2,20 |
| Донации | 24.458.989 | 12,50 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **196.149.843** | **100** |

***а) Графички приказ на учество на расходите по сметки во вкупно реализираните расходи во Буџетот на Општина Валандово***



***Табеларен преглед на реализираните расходи во Основниот Буџет на Општина Валандово***

| **РАСХОДИ** | **ПЛАНИРАНО** | **РЕАЛИЗИРАНО** | **%** |
|---|---|---|---|
| ***40 Плати, наемнини и надоместоци*** | **14.491.000** | **12.375.149** | **85,40** |
| *401 основни плати и надоместоци* | *8.762.000* | *7.232.232* | *82,54* |
| *402 придонеси за социјално осигурување* | *3.132.000* | *2.579.766* | *82,37* |
| *404 надоместоци* | *2.597.000* | *2.563.151* | *98,70* |
| ***41 резерви и недефинирани расходи*** | **1.700.000** | **375.917** | **22,11** |
| *412 постојани резеви* | *1.000.000* | *0* | |
| *413 тековни резерви резеви* | *700.000* | *375.917* | *53,70* |
| ***42 стоки и услуги*** | **32.295.000** | **21.020.684** | **65,08** |
| *420 патни и дневни расходи* | *700.000* | *463.103* | *66,15* |
| *421 комунални услуги, греење, ком и транспорт* | *8.075.000* | *7.223.445* | *89,45* |
| *423 ситен инвентар и резеревни материјали за поправки* | *1.678.000* | *1.398.557* | *83,35* |
| *424 поправки и тековно оддржување* | *6.320.000* | *4.453.933* | *70,47* |
| *425 договорни услуги* | *10.707.000* | *2.866.659* | *26,77* |
| *426 други тековни расходи* | *865.000* | *675.864* | *78,13* |
| *427 привремени вработувања* | *3.950.000* | *3.939.123* | *99,72* |
| ***46 субвенции и трансфери*** | **17.554.000** | **13.119.795** | **74,74** |
| *461 субвенции за јавните претприј,* | *450.000* | *268.414* | *59,65* |
| *463 трансвери до невладини органи.* | *2.470.000* | *2.461.845* | *99,67* |
| *464 разни трансфери* | *14.634.000* | *10.389.536* | *70,99* |
| ***47 социјални бенифиции*** | **650.000** | **345.527** | **53,16** |
| *471 социјални надоместоци* | *650.000* | *345.527* | *53,16* |
| ***48 капитални расходи*** | **57.310.000** | **19.737.513** | **34,40** |
| *480 купување на опрема и машини* | *960.000* | *109.771* | *11,43* |
| *481 градежни објекти* | *0* | *0* | |
| *482 други градежни објекти* | *55.850.000* | *19.581.742* | *35,06* |
| *485 други недефинирани средства* | *500.000* | *46.000* | *9,20* |
| | | | |
| ***ВКУПНО*** | **124.000.000** | **66.974.585** | **54,00** |

*Во однос на вкупно реализирани расходи стоки и услуги учествуваат со најголем процент кој изнесува со 31,38, потоа капиталните расходи 29,48%, платите и надоместоците со 18,48 %, субвенции и трансфери 19,58 %, резервите и недефинирани расходи 0,56% и социјалните бенифиции 0,52 %.*

*На крајот на буџетската година салдата на сметките во Буџетот изнесуваат:*

- *Салдото на сметката на Основниот Буџет изнесува 5.904.333 денари и се пренесува како прилив на Основниот Буџет во 2019 година.*
- *Салдото на сметката на Дотации изнесува 11.188.314 денари и се пренесува како прилив во 2019 година.*
- *Салдото на сметката на Самофинансирачки активности изнесува 1.438.856 денари и се пренесува како прилив во 2019 година.*
- *Салдото на сметката на Донации изнесува 3.810.455 денари и се пренесува како прилив во 2019 година.*

## *3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите*

*Во рамките на Буџетот на Општина Валандово за 2018 година реализирани се следниве инвестициони програми:*

*1.Во капиталната програма ЈД – изградба и реконструкција на локални улици и патишта со Развојната програма за 2018 година планирани се средства во износ од 7.500.000 денари а се реализирани во износ од 7.455.028 денари.*

*За ова програма се доставува посебен Извештај до Советот на Општина Валандово.*

*2. Во 2018 година за изградба на канализација во населеното место Брајковци и Балинци од планираните 9.000.000 денари се реализирани 2.848.256 денари. Завршување на проектот е планиран во 2019 година.*

*3.За изградба на паркинг простор на ул. 6-ти Ноември во Валандово реализирани се средства во износ од 440.901 денари.*

*4. Во 2018 година за изградба на градсики гробишта во Валандово од планираните 2.400.000 денари се реализирани 1.634.448 денари. Завршување на изградба е планирано во 2019 година.*

*5.За изградба на игралиште во населеното место Калково во 2018 година се реализирани средства во износ од 2.690.572 денари. Овој Проект финансиран е со средства на Биро за регионален развој (развој на село) и Општина Валандово во соодност од по 50%.*

*6. Во 2018 година извршена е исплата на средства за реконструкција на градски пазар во Валандово во износ од 3.414.738 денари и тоа дел што по договорот е обврска на Агенција за финансиска подршка а истиот ќе се уплати од страна на Агенција во корист на сметка на Буџет на Општина Валандово. Овој проект е започнаат во 2017 година со вкупна инвестиција од 8.060.776 денари а завршен е во 2017 година.*

*7.За изработка на проекти со ревизија како и елаборати за потребите на Општина Валандово од Буџетот се исплатени средства во износ од 1.097.799 денари.*

*8. Во буџетот на донација во 2018 година планирани се три проекта и тоа:*

*- Изградба на систем за превенција и рано предупредување од поплавите со вредноста на проектот од 243 110 ЕУР. Во 2017 година проект е реализиран во износ од 9.713.383 денари од кои 3.338.576 денари за набавка на опрема за мерните станици а во 2018 година е реализиран во износ од 14.459.750 денари од кои за набавка на опрема за мерните станици 8.590.615 денари.*

*- Реконструкција на дел од Булеварот на ул. Првомајска со планиран износ од 16.000.000 денари од одобрените средства од Агенција за недоволно развиени подрачја на Општина Валандово. Во 2018 година реализирани се средства во износ од а 4.776.780 денари. Завршување на проект е планиран во 2019 година и*

*-Проект Евалуација и мерливост на енергетска ефикасност со вредност на проект во износ од 1.500.000 еура со пет партнери од кои три од Република Грција и два од Република Македонија. Вредноста на проект на Општина Валандово изнесува 388.213 еура а е наменет за реконструкција и спроведување на мерки за енергетска ефикасност во Детска градинка Калинка Валандово. Во овој проект Општина Валандово е носител на проект а Општина Радовиш е проектен партнер со износ на проект во износ од 288.520 еура.*
*Во 2018 година проект е реализиран во износ од 3.873.464 денари и е планиран со завршување во 2019 година.*

*9. За исплата на платите на вработените и трошоците за тековно работење, во програмите Н1- основно образование, Н2-средно образование, В1- детска градинка, К1, К2 и К3- Дом на културата, се трансферирани средства во вид на блок дотација во износ од 99.460.341 денари, а се искористени средства во износ од 97.656.291 денари.Од средства од блок дотации во 2018 година преку ставка капитални расходи реализирани се средства во износ од 1.561.432 денари и тоа за набавка на опрема и мебел 955.515 денари и 605.917 денари за реконструкција и поврзување на парно греање со спортска сала и уредување на училишни двор во програма Н1 основно образование,*

*10.Во програмата ЊО за исплата на плати на вработените во противпожарната единица искористени се средства во износ од 2.738.891 денари, трансферирани на општината во вид на наменска дотација.*

## *4. Извештај за користење на финансиски средства од постојаната и тековната резерва*

*Во Буџетот на општина Валандово за 2018 година планирани се средства за резерви во износ од 1.700.000 денари и тоа за постојана резерва 1.000.000 денари (која се наменети за отстранување на последиците од елементарните непогоди) и 700.000 денари за тековна резерва (за исплата на непредвидиви трошоци). Планираните средства од постојаните средства не се реализирани а од тековната резерва искористени се средства во износ од 375.917 денари и тоа :*

- *13.850 денари за погребални трошоци на фирма ангажирана за погребални услуги на починатиот Танчев Озрен од Валандово, социјален случај, со Решение донесено од Градоначалник бр.05-140/1 од 22.01.2018 година.*
- *6.667 денари финансиска подршка на планинарот Ване Бошев од Неготино за искачување на врв на Доломати во Италија, со Решение донесено од Градоначалник бр.08-67/2 од 24.07.2018 година.*
- *30.000 денари финансиска подршка на СП Тим БГГ од Валандово, за одржување на турнир во баскет со Решение донесено од Градоначалник бр.09-1046/2 од 06.09.2018 година.*
- *16.667 денари за парична помош за смрт на член од семејството на вработена Јованка Димова во СОУ ,,Гоце Делчев ,, Валандово со Решение донесено од Градоначалник број 05-970/2 од 20.08.2018 година. Исплата на надоместок е регулирана со Одлука за извршување на Буџет.*
- *33.333 денари финансиска подршка за учесник Андон Андонов од Валандово за учество на меѓународен натпревар во детски песни во Босна и Херцеговина, со Одлука донесено од Совет бр.08-153/8 од 26.10.2018 година.*
- *19.000 денари за погребални трошоци на фирма ангажирана за погребални услуги на починато лице Ристо Горгиевски од Валандово, социјален случај, со Решение донесено од Градоначалник бр.05-140/1 од 22.01.2018 година.*
- *21.000 денари за погребални трошоци на фирма ангажирана за погребални услуги на починато лице Панде Јанчевски од Валандово,социјален случај. кој нема потомство, со Решение донесено од Градоначалник бр.09-1299/2 од 27.11.2018 година.*

- *35.400 денари финансиска подршка за користење простор за реализација на проект па Митко Занов од Валандово, со Решение донесено од Градоначалник бр.09-1361/1 од 12.12.2018 година*

- *200.000 денари за парична помош за санирање на штети од пожар на индивидуална семејна куќа на Звонко Тодоров и Сузана Јанушева, со Одлука донесено од Совет бр.08-174/3 од 13.12.2018 година.*

## 5. *Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка*

*Одговорниот сметководител потврдува дека завршната сметка за 2018 година е изготвена во согласност со позитивните законски прописи на држава и сите податоци искажани во Годишната сметка се точни и веродостојни.*

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-42/3
14.03.2019 год.
Валандово

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/18), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 4, член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 14.03.2019 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2018 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2018 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- вовед;
- годишна сметка;
- извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- извештај за користење на финансиските средства од постојната и тековната резерва и
- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател
Владимир Марков